# 15.

# ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

народна
и универзитетска
библиотека
„климент охридски"
скопје

НАРОДНА
И УНИВЕРЗИТЕТСКА
БИБЛИОТЕКА
„КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
СКОПЈЕ

# 15. ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

**ПО ПОВОД 40-ГОДИШНИНАТА НА АСНОМ И 40-ГОДИШНИНАТА НА НАРОДНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ**

**9-25 МАЈ 1984 САЛОН НА НУБ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ
1-15 ЈУНИ — УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА, КУМАНОВО**

1984

АНАСТАСОВ РОДОЉУБ

БЕЌАРОВСКИ НАСО

БИКОВ ДРАГАН

БЛАЖЕВСКИ ТРАЈЧЕ

ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН

ГЕГОСКИ КИРИЛ

ГЛИГОРОВА ИЛИНКА-СУЗА

ЗЕНКУ МЕЛИ

НВАНОВСКИ МЕТОДИЈА-МЕНДЕ

ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН

КОСТОВ ВАСИЛ

КОЧЕВСКИ ДИМИТАР-МИЧО

КРМОВ ТОМИСЛАВ

КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ

ЛАЗАРЕВСКИ ЗОРАН

МАЛИДАНОВ ДИМИТАР

МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ

НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ

ПЕНУШЛИСКИ ИЛИЈА

ПЕРЧИНКОВ ДУШАН

СОТИРОВСКИ ДУШКО

СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО

ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР

ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА

ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР

ЧУЛАКОВСКИ ГОРГИ-ЃОТО

ШЕМОВ СИМОН

# ПРАВИЛНИК

## на Графичката изложба на ДЛУМ

**Општи одредби**

Графичката изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија (во понатамошен текст ДЛУМ) се одржува секоја година, а организатор и реализатор е Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје (во понатамошен текст библиотека).

Изложбата се приредува во чест на „Први мај" — меѓународниот празник на работникот, „4 мај" — денот на загинувањето на великанот на македонскиот народ — Гоце Делчев и „9 мај" — денот на победата над фашизмот.

Изложбата се отвора меѓу 3 и 10 мај во изложбениот салон во Библиотеката.

Графичката изложба на ДЛУМ презентира дела настанати во последната година, односно дела настанати во период од една до друга изложба.

**Цел на изложбата**

Организаторот на изложбата сака да ги прикаже најзначајните достигнувања на ликовното творештво на графиката во СРМ, земајќи го за критериум ликовниот квалитет, а без оглед на техниката, стилот и ликовната насоченост.

Изложбата има за цел да го анимира ликовниот живот на графиката во СРМ, презентирајќи ја изложбата во целина, или извесни нејзини делови низ општинските центри и работни колективи во Републиката, како и презентирање на македонската современа графика во други центри на СФРЈ.

**Организација на изложбата**

Изложбата ја организира Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје.

Изложбата има постојан организационен и работоводен одбор кој се состои од 3 члена и жири комисија за доделување на награди од 5 члена.

**Работоводниот одбор има задача да:**

- — ги повикува уметниците за учество на изложбата.
- — ја постави изложбата.
- — направи програма каде се ќе биде презентирана изложбата.
- — ги изврши работите околу припремањето и публикувањето на каталогот.
- — ја информира јавноста.

Жири комисијата работи во полн состав и нејзината одлука е конечна.

Во жири комисијата можат да бидат кооптирани и членови од други организации, доколку организациите доделуваат награди или откупни награди.

Наградата „Моша Пијаде" ја доделува уметничкиот совет на ДЛУМ.

**Услови за изложување**

Право на изложување имаат сите членови на ДЛУМ и гости поканети од организаторот.

Членовите на ДЛУМ и поканетите гости добиваат писмени покани со условите на изложбата.

Работите што ќе пристигнат после определениот рок нема да бидат земени во обзир.

Работите што биле пријавувани или изложувани на поранешните графички изложби на ДЛУМ, нема да бидат земени во обзир.

За веродостоен податок за староста на делото се зема податокот што го дал авторот.

Организаторот може од технички и други причини да го намали бројот на експонатите.

Организаторот има право да не изложи некој експонат ако не е во склад со позитивните законски прописи.

Делата што ќе бидат изложени не можат да се подигнат до затворањето на изложбата во Библиотеката и до затворањето на изложбата н последното место од програмата на изложувањето.

**Начин на праќање и враќање на работите**

Работите за изложбата треба да бидат доставени на адреса: Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје, „Булевар Гоце Делчев" б.б. — 91000 Скопје.

Уметниците ги праќаат или доставуваат работите на одредиштето на свој трошок, а организаторот е обврзан после завршената ликовна манифестација да ги врати работите на авторите.

Уметниците работите ги обезбедуваат во соодветно пакување со амбалажа која би можела да послужи при враќањето на делата.

**Документациј на изложбата**

Со пријавата на поканата од организаторот, уметникот ги прифаќа сите услови назначени во правилникот на изложбата.

Организаторот репродукува по едно дело од секој автор за потребите на каталогот.

**Информативно пропагандна активност**

Организаторот издава каталог со документација за сите автори и дела.

Сите учесници добиваат бесплатно, по еден примерок од каталогот.

Уметниците се одрекуваат од правата на надокнада за репродукувањето на делата во кталогот, како и за другата пропаганда на изложбата.

Организторот ќе ја извести јавноста по пат на покана за отворањето на изложбата, плакат, печат, радио, телевизија и тн.

**Продавање на делата**

Изложбените работи се продаваат и откупуваат по цените кои ги насочиле авторите. Во колку цената не е назначена од авторот ќе се смета дека делото не е за продавање.

Продадените или откупените дела не се предаваат на купувачот пред затворањето на изложбата.

**Награди**

На денот на отворањето на изложбата, претставник на самоуправните органи на Библиотеката ќе ги прочита наградите.

Наградите се:

- — награда „Моша Пијаде“ на ДЛУМ.
- — две рамноправни откупни награди на Библиотеката — награда НУБ „Климент Охридски“
- — откупна награда на музејот на современата уметност — Скопје.
- — откупни награди на општествени тела, работни организации и др.
- — откупна награда на уметничка галерија — Скопје

Бројот на откупните награди не е порано утврден.

**Преодни и завршни одредби**.

Овој правилник стапува на сила на денот на донесувањето од страна на организаторот на изложбата.

## УЧЕСНИЦИ НА ГРАФИЧКАТА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ 1970 — 1983

### 1970

БАРУТОВСКИ БОЖИН
БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНЛЕЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ
НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ
ПОПОВСКИ РАДМИЛО
СОТИРОВСКИ ДУШКО
СТРУМЕНИКОСВКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР

### 1971

БАРУТОВСКИ БОЖИН
БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
СОТИРОВСКИ ДУШКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР

### 1972

БАРУТОВСКИ БОЖИН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
ПЕТРОВ ЈОВАН
СОТИРОВСКИ ДУШКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР

### 1973

БИКОВ ДРАГАН
ГАСПАРОВ ДИМИТАР
КРМОВ ТОМИСЛАВ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МАРКОВСКА ДАНИЦА
ПЕТРОВ ЈОВАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТЕМКОВА АНА
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР
ШЕМОВ СИМОН

### 1974

БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГАСПАРОВ ДИМИТАР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕТРОВ ЈОВАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР

### 1975

БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГАСПАРОВ ДИМИТАР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
ПЕТРОВ ЈОВАН
ПОПОСКИ ДРАГАН — ДАДА
СОТИРОВСКИ ДУШКО
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТЕМКОВА АНА
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР

### 1976

БИКОВ ДРАГАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИАЈР — МИЧО
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
ТЕМКОВА АНА
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР

### 1977

АВРАМОВСКИ СТАВРЕ
БЕЌАРОВСКИ НАСО
БИКОВ ДРАГАН
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГЕГОСКИ КИРИЛ
КОСТОВ ВАСИЛ

КРМОВ ТОМИСЛАВ
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
ПОПОСКИ ДРАГАН — ДАДА
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТАНЧЕВ КОСТАДИН — ДИНКА
ТЕМКОВА АНА
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР

1978

БАРУТОВСКИ БОЖИН
БЕЌАРОВСКИ НАСО
БИКОВ ДРАГАН
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ГЕОРГИЕВСКИ ВЛАДИМИР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ЈАКИМОВСКИ ЖАРКО
КОНДОВСКИ ДИМИТАР
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
ЛАЗАРЕВСКИ ЗОРАН
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА — ГРАНКА
ШЕМОВ СИМОН

1979

АТАНАСОВСКИ ТАНЕ — ГАРСКИ
БЕЌАРОВСКИ НАСО
БИКОВ ДРАГАН
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ГЕОРГИЕВСКИ ВЛАДИМИР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ
ИВАНОСКИ АЛЕКСАНДАР — КАРАДАРГ
ЈАКИМОВСКИ ЖАРКО
КОНДОВСКИ ДИМИТАР
КОСТОВ ВАСИЛ
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КРСТЕВСКИ ЃОКО
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ
НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ
ОРДЕВ ДАНЧО
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
ПОПОСКИ ДРАГАН — ДАДА
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ТЕМКОВА АНА
УНКОВСКА БИЛЈАНА
ФИЛИПОВСКИ АЦО
ФРАНГОВСКИ НОВЕ
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА — ГРАНКА
ЧУЛАКОВСКИ ЃОРЃИ
ШЕМОВ СИМОН

1980

БАРУТОВСКИ БОЖИН
БИКОВ ДРАГАН
БОШКОВСКИ Т. ЈОЗО
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ГЕОРГИЕВСКИ ВЛАДИМИР
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ЗЕНКУ МЕЛИ
ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КОЧОВСКИ ИЛИЈА
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ — ЃОКО
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ
МОМЧИЛОВИЌ — ПОПОВСКА СВЕТЛАНА
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
СТОЈЧЕВСКИ ДИМИТАР
ТАНЧЕВ КОСТАДИН — ДИНКА
ТЕМКОВА АНА
ФИЛИПОВСКИ АЦО
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА
ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР
ЧУЛАКОВСКИ ЃОРЃИ
ШЕМОВ СИМОН

1981

БЕЌАРОВСКИ НАСО
БИКОВ ДРАГАН
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГАВРОВСКИ АНГЕЛ

ГЕГОСКИ КИРИЛ
ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ЈАКИМОВСКИ ЖАРКО
ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КОЧОВСКИ ИЛИЈА
КРМОВ ТОМИСЛАВ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
УНКОВСКА БИЉАНА
ФИЛИПОВСКИ АЦО
ФРАНГОВСКИ НОВЕ
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА
ЧУЛАКОВСКИЃОРЃИ — ЃОКО
ШЕМОВ СИМОН

1982

БИКОВ ДРАГАН
БЛАЖЕВСКИ ТРАЈЧЕ
БОШКОВСКИ Т. ЈОЗО
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КОЧОВСКИ ИЛИЈА
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЗЕВ ПЕТАР
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЦО
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧУЛАКОВСКИ ЃОРЃИ — ЃОКО
ШЕМОВ СИМОН

1983

БЕЌАРОВСКИ НАСО
БИКОВ ДРАГАН
БЛАЖЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ВАСИЛЕСКИ СТЕВАН
ГЕГОСКИ КИРИЛ
ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН
КОСТОВ ВАСИЛ
КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
КРМОВ ТОМИСЛАВ
КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ
ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
СОТИРОВСКИ ДУШКО
СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
ФИЛИПОВСКИ АЦО
ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР
ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА
ШЕМОВ СИМОН

## ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА „МОША ПИЈАДЕ“ НА ДЛУМ

1970 — ХАЏИБОШКОВ ПЕТАР
1971 — БАРУТОВСКИ БОЖИН
1972 — КРМОВ ТОМИСЛАВ
1973 — МИЛАДИНОВ ДИМИТАР
1974 — БИКОВ ДРАГАН
1975 — ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
1976 — ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
1977 — ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
1978 — БЕЌАРОВСКИ НАСО
1979 — ШЕМОВ СИМОН
1980 — ТАНЧЕВ КОСТАДИН
1981 — ЧУЛАКОВСКИ ЃОРЃИ
1982 — ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН
1983 — КОЧЕВСКИ ДИМИТАР-МИЧО

## ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА НУБ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ЗА ГРАФИКА

1975 — МАЛИДИНОВ ДИМИТАР
1976 — ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
— СТРУМЕНИКОВСКИ РАНКО
1977 — БИКОВ ДРАГАН
— ТАНЧЕВ КОСТАДИН-ДИНКА
1978 — ХАЏИБОШКОВ ПЕТАР
— КРМОВ ТОМИСЛАВ
1979 — ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
— ТЕМКОВА АНА
1980 — ЧУЛАКОВСКИ ЃОРЃИ-ЃОТО
— ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР
1981 — ШЕМОВ СИМОН
— ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА
1982 — ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
— ГЕГОСКИ КИРИЛ
1983 — БЕЌАРОВСКИ НАСО
— МИЛЈАНОВСКИ ДОНЕ

## ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ

1979 — НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ
1980 — ДИМЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
1981 — МАЛИДИНОВ ДИМИТАР
1982 — ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
1983 — ХАЏИБОШКОВ ПЕТАР

## ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА НА УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ

1980 — ПЕРЧИНКОВ ДУШАН
1981 — ХАЏИБОШКОВ ПЕТАР
1982 — ФИЛИПОВСКИ АЛЕКСАНДАР
1983 — МАЛИДИНОВ ДИМИТАР

НАДИЦА БОШКОВСКА

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ГРАФИКА

Графиката како ликовна дисциплина е најприфатливо средство за комуникација меѓу уметникот и публиката, најнепосредна, многу побрза и помасовно воспоставена комуникација, поради репродуктивната моќ на графичкиот лист. Како ликовен медиум графичкиот ликовен израз, со линијата, „на чисто" црно-белиот контраст, како непосреден запис на доживеаното се доближува до цртежот, а се разликува од техниката на изведбата и репродуцирањето.

Различниот пристап во пренесувањето на идејата, стилски, естетски и технички, се сведува на репродуцирање на мислата и свеста за едно реално или иреално постоење на човекот во просторот, без кое би се нашле во еден тесен, затворен осиромашен свет. Затоа доколку духот и осетот на творецот на графичкиот лист изразува дел од секојдневниот живот, (преку импресионизам, експресионизам, надреализам, апстракција и др.) дотолку го изразува и својот сопствен идентитет. Културната средина, националното обележје, условите на творење и специфичниот начин на мислење на секој поединец, се искажува како специфичност на еден одреден идентитет. Често пати во услови на денешното творење, независно од желбата на авторот, овој специфичен идентитет ја губи својата реска граница во однос на одделни културни средини и со извесни отстапувања се вклопува во генералните движења на уметноста во земјата и надвор од неа, што се рефлектира и во современата македонска графика. Од друга страна класичниот начин на изразување на особеностите во графичката уметност, изразени во една интимна приврзаност кон секој детал во целината на формата што содржи нешто поетско, лирско и интимистичко во себе, без разлика дали станува збор за фигуративна или апстрактна уметност сѐ повеќе му останува место на еден побрз, подинамичен начин на репродуцирање на графичкиот лист. Сметајќи на помасовна примена, општата формулација за современата графика станува сѐ повеќе поврзана за техничката изведба, додека ликовно и естетски сѐ повеќе се доближува до сликарството, особено со примена на колористичките ефекти. Нејзината желба за експанзија често пати ја испреплетува со графичкиот дизајн и концептуалната уметност.

Битен услов за изведување на графичкото дело претставуваат и техничко-технолошките можности како што се: висок печат (дрворез, линорез); длабок печат (бакропис, сува игла, бакрорез, акватинта) и рамен печат (литографија, сито-печат). Овој услов донекаде е голема пречка што во минатото во Македонија подолг временски период нема можност за развој на графиката. Ова е поврзано со историските прилики во кои живее македонскиот народ, непризнавањето на македонската нација, идејно-политичката потчинетост и сиромаштијата, што придонесува за неадекватен развој на оваа ликовна дисциплина во сооднос со другите дисциплини, сликарството, а донекаде и скулптурата.

Оваа вековна национална и политичко-економска потчинетост не го скрши твречкиот дух на македонскиот мајстор-уметник со векови наназад да ни остави трајно и непроценливо уметничко богатство меѓу кое и неколку бакрорези и дрворези во манастирите кои беа центри на препишувачката творечка дејност. До денес сочувани се мал број негативни и сигнирани дрвоези: негатив режан во ореово дрво, (150×60 см) кој се чува во манастирот Слепче — Демир Хисарско, 4 бакарни плочи од непознат автор, во капелата на Соборната црква во Битола од 1779 година, до II-та светска војна во манастирот св. Јован Бигорски — Дебарско се сочувала дрвена печатница и неколку негативи на бакарни плочи со мотиви од Библијата. Во колекцијата на црковниот музеј во Скопје, (изгорен за врме на II-та светска војна) бил изложен еден негатив во бакар (со биста на Гаврило Лесновски од 1812 година) изработен од кратовскиот молер Димитрие поп Ѓорѓевиќ. Вредно е да се спомене и името на Христифор Жефарович, графичар, сликар и издавач, роден во Дојран (почеток на XVIII век — 1753). Овој талентиран македонец на наоѓајќи средства и начин во родниот крај да го развие својот природен дар, го напушта и оди во Виена каде работи голем број бакрорези со светци и владетели, а во 1741 година реже во бакарна плоча и ја издава „Стематографијата" во која меѓу другите 56 грбови е и грбот на Македонија.

Ова покажува дека во Македонија уште во XVIII от век постои извесна графичка дејност.. Хронолошки таа губи континуитет подолг временски период, за повторно да се појави некаде меѓу двете светски војни како експеримент во работата на нашите современи академски сликари Димитар Пандилов Аврамовски (1889-1963), Никола Мартиноски (1903-1973) и Василије Поповиќ Цицо (1914-1962). Современиот македонски сликар Никола Мартиноски во предвоениот период (1930, 1934 и 1936) се занимава со илустрирање на книги со социјално ангажирана тематика Воедно изработил неколку графики (линорези, дрворези) со религиозни теми (види: „Вардар" од јануари 1934) и пејзажни мотиви, во неговиот карактеристичен стил (сите со исчезнати). Од некои недоволно документирани податоци Димитар Пандилов Аврамовски се смета дека за време на своите студии на Академијата за ликовна уметност во Софија, кај професорот Морозов, изработил неколку дрворези, бакрописи и бакрорези не се сочувани, додека Василије Поповиќ-Цицо, чие творештво е ориентирано воглавно кон карикатурата и сценографијата изработил неколку графики од кои се зачувани „Мотив од кафеана" и „Дрвари", работени во техника дрворез од 1933 (сега во приватна сопственост во Белград) и повеќе илустрации за книги. Меѓу овие доаени на современата македонска ликовна уметност од тој период треба да се спомене и академскиот сликар Борко Лазески (1917), кој како студент на белградскиотт универзитет во 1935/36 година, кај професорот Љубо Ивановиќ, изработил повеќе од десетина линорези и дрворези (сопственост на авторот) со мотиви на ентериери и стара градска архихектура од Прилеп и Охрид.

Овие скромни почетоци на графичка изработка, меѓу двете светски војни, се еден рефлекс во кој доминира сликарството. Почетоците на современото македонско сликарство паѓаат некаде во III-та деценија на XX век т.е. со појавата на првите македонски уметници со академско образование што го стекнуваат во центрите на Југославија и надвор од неа, а воглавно се занимаваат со сликарство: Михајло Штојлев, Димитар Пандилов Аврамовски, Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Томо Владимирски, Љубомир Белогаски, Вангел Коџоман, Димо Тодороски (скулптура) Василије Поповиќ-Цицо (карикатура и сценографија) Нивната појава се смета како одраз на националната свест и културна преродба кај македонската нација, а истата има нераскинлива врска со нашите последни иконописи и зографи Дичо, Димитар Андонов Папрадишки и Ѓорѓи Зографски; последните двајца се и зачетници на македонското профано сликарство.

Во истото време современата југословенска графика во предводениот период, особено во Словенија, Хрватска и Србија има поповолни економско-социјални и национални услови и подолга традиција за помасовна изведба. Овде ќе се осврнеме на одделни југословенски автори, бидејќи целокупниот опус на југословенското творештво, било да се работи за интимистички или социјални моменти, има влијание на понатамошното формирање и тек на графичката историја во Југославија, па и во Македонија. Во Словенија во техника бакропис, литографија, линорез, работат графики Вено Пилон, Франце и Тоне Краљ Во исто време од така наречениот прашки период Божидар Јакац, 1921-1923 година, со експресионистички пристап, издава мапа на графики од секојдневниот живот на човекот отуѓен во големиот град. Во Србија Ѓорѓе Андреевиќ-Кун, 1934 година, издава мапа на графики „Крваво злато", со социјално - ангажирана содржина. Во Хрватска работи групата „Земја", дела со социјална тематика, под чие влијание македонскиот ликовен уметник Борко Лазески се подготвува да издаде мапа графики со мотиви од тешкиот живот на работникот.

Графиката својата непосредна хуманистичко - пропагандна улога ќе ја изврши за време на Народноослободителната војна на народите и народностите на Југославија, во борба против фашизмот, а за своја национална, политичко - економска слобода и рамноправен третман на човекот како човек, за едно хумано и прогресивно општество - денешното социјалистичко општество. Нејзината појава на тогашните ослободени територии, навестува нов и подобар живот во иднина, а воедно остро и немилосрдно го осудува пеколот што во себе го носи војната. На графичките листови оживува борбата меѓу „светлото и темното", „доброто и злото", „слободата и рапството", таа вечна дилема во која се судира човечкиот род и во која живее. Овие драматични настани ќе бидат тема во графичкиот израз и подоцна во творештвото на младата генерација која не е директен учесник во борбата, туку има потреба да ги изрази овие драматични настани (Б. Барутовски, Б. Крстевски, Р. Поповски, Д. Малиданов и др.) Веднаш по окупацијата на земјата, Тоде Ивановски стапува во редовие на Народноослободителната војска, а поголем број на македонски ликовни уметници, стапуваат во

НОВ во втората половина на 1944 година во агитационо-пропагандните одделенија на главниот штаб на НОВ и ПОЈ и на македонските бригади (Б. Лазески, В. Поповиќ-Цицо, Д. Тодороски Н. Мартиноски, Т. Владимирски, З. Блажиќ, Ј. Грабул, П. Видимче, Љ. Стефановски, Р. Поповски, Р. Лозановски, Д. Коцо, Н. Този, Ј. Симонче, С. Атанасовски и др.)

Поради недостиг на време и материјал за изведба на графика, од овој период сочувани се: повеќе цртежи (молив, туш), многу ретко графика и тоа во најпримитивен облик, во техника на дрворез како и илустративно пропаганден материјал. Ликовните уметници даваат значаен придонес во обликување на пропагандниот материјал и припрема на техниката за илустрирање на печатот. Сочувани се илустрации од одделни броеви на партизански весници во кои во техника дрворез се реализирани ликовни прилози во „Млда борец", „Македонка", „Наша хроника". Во сопственост на ликовниот уметник Ангеле Ивановски (1913) се наоѓаат отисоци од дрворезите „Ранет борец" и „Борби кај Дебар" (од 1944). Покрај повеќе циклуси од цртежи, Борко Лазески има изработено и еден дрворез „Крај Берово" (1944), со драматичност на случката. Истата година Графичкиот завод „Гоце Делчев" во Скопје ја печати и на пропагандниот проглас за пријавување на предавници и воени злосторници. Неколку ликови на борци и еден зачуван дрворез со ликот на Ѓуро Брајовиќ, како и илустративен материјал има работено ликовниот уметник и педагог Нико Този (1924). Во македонските единици во НОВ учествува ликовниот уметник и графичар Бранко Шотра (1906-1960). Тој го изработил првиот портрет на Маршал Тито во Македонија (крај на 1943), а по војната циклус графики од февруарскиот поход и животот на партизаните на Шар планина.

По ослободувањето во новосоздадените историски услови и изменети општествени односи во Народна Република Македонија, првпат во нејзината културна и национална историја, се создаваат можности за слободен, организиран творечки живот на полето на ликовната уметност.

Во 1945 година во Скопје од 13 ноември до 16 декември, а во чест на паднатите херои за слобода на Скопје, под името Друштво на уметниците, научниците и журналистите, е одржана „I општа изложба на македонските художници", со учество на Аврамовски Пандилов Димитар, Тодороски Димитар, Белогаски Анѓелковиќ Љуба Корда Нада, Ангелов Благоја, Блажиќ Здравко Владимирски Тома, Ивановски Ангеле, Караџа Киро, Корубин Миле, Коџоман Вангел, Лазески Борко, Личеноски Лазар, Лозаноски Ристо, Мартиноски Никола, Поп Ефтимова Катја, Поповиќ Василије-Цицо, Протуѓер Димче и Коцо Димче.

По конституирањето на Здружението на македонските художници на 24. II. 1946 година одржана е изложба што е прикажана во повеќе градови на Републиката (Велес, Прилеп, Битола, Охрид).

Од 1947 година кога е одржана „III. апшта изложба" (и денес), го носи името Друштво на ликовните уметници на Македонија (ДЛУМ), чии членови континуирано изложуваат на групни и самостојни изложби во Републиката и надвор од неа.

Посебно значење за отпочнување на графичката уметност во Македонија има формирањето на Художествената школа на 5. февруари 1945 година во која од 1947 година веќе почнуваат да се изработуваат графички листови. Според укажаните потреби во 1948 година Художествената школа прераснува во Школа за применета уметност (денес Училиште за применета уметност), во која рафичкиот отсек почнува уште поинтензивно да работи посебно со доаѓањето на загребачкиот сликар, графичар и ликовен педагог Душан Кокотовиќ (1888-1953). Душан Кокотовиќ во училиштето донел машини за печатење бакрорез и акватинта, со што обезбедил услови за техничко-технолошка изведба на графичките литови. Самиот зел учество на „IV. изложба на ДЛУМ" во 1949 година каде изложил четири бакрорези. Покрај Д. Кокотовиќ на графичкиот отсек работи и Љубомир Белогаски (1912), кој подоцна заедно со Љубодраг Маринковиќ-Пенкин (1923) ја продолжува педагошката дејност. Љ. Белогаски ќе изработи и неколку бакрописи: „Автопортрет" и „Девојка", како и линографите „Душан Кокотовиќ", „Девојче", и Детски портрет" (сите од 1948/1949). Како изразит акварелист од графиките доминира неговиот сигурен цртеж со лирски израз. На графичкиот отсек како ликовни педагози работаат и уметниците Драгутин Аврамовски-Гуте, Ристо Калчевски, Ордан Маневски, Менче Спировска и Ѓорѓи Чулаковски.

Уште со формирањето на училиштето за применета уметност, почнуваат и изложбените активности на учениците. На 9. јуни 1945 година е организирана изложба на првата генерација ученици. Покрај изложбените активности се прават напори за стручно усовршување на кадрите, од-

делни ученици го продолжуваат школувањето на академиите во Белград, Загреб, и Љубљана. Се организираат студиски патувања и престој во странство.
Во периодот на социјалистичката изградба, општата културна преродба се вклопува со задачите и интенциите на социјализмот и неговите придобивки. Ликовната уметност е во чекор со сите фактори кои ќе придонесат за побрз развој на социјализмот и како таква е ангажирана во тој правец. Во периодот на социјално - ангажираната уметност не среќеваме поинтезивна изработка на графики. Од овој период датира и графиката „Гоце“ (1948) од Н. Мартиноски, како и линорези со мотив „Мајка со дете“ и сл.
По резолуцијата на информбирото (1948), а особено по 1950 година, во духот на поголема демократизација, се — отвора нов процес во суштински изменетите историски околности, каде постепено почнува да се напушта социјалистичкиот реализам. Општо земено во Македонија се смета дека тој завршува 1950 година, без оглед што ќе се чувствува во творечката практика извесен период и после 1950 година. Преку одделни појави во критиката и творештвото уште 1950 и 1951 година, веќе е јасно дека настапува ново време.
Во периодот 1951/52 година во идејно-содржинска и ликовно естетска смисла сепак нема да настанат некои особено битни измени во македонската уметност. За ваквата состојба во ликовната уметност се карактеристични неколку компоненти: општата ликовна клима во целата земја и враќање кон проверените вредности (реализам, импресионизам, експресионизам, фовизам).
Од првите генерации што ќе го завршат Училиштето за применета уметност (1948-1953), поедини уметници (Божин Барутовски, Душко Сотировски), остануваат чисто графичари и перманентно се бават со графика, додека една поголема група од овие генерации продолжува да се школува на академиите во Белград, Загреб и Љубљана и по враќањето (1952-1955) активно ќе почнат да се занимаваат со изработка на графички листови (Драгутин Аврамовски Гуте, Менче Спировска), или како сликари и скулптори повремено или почесто ќе се занимаваат со изработка на графика (Иван Велков, Ванчо Ѓорѓиев, Јован Димовски, Димитар Кондовски, Миле Корубин, Ѓорѓи Крстевски, Бранко Костовски, Спасе Куновски, Петар Мазев, Радмило Поповски, Петар Хаџи Бошков). Студирајќи на ликовните академии овие генерации ја изучуваат графиката и графичките техники, така да со појавата на ликовната сцена во Македонија, истапуваат со извесно графичко искуство.
На VII. изложба на ДЛУМ во 1952 година, Ванчо Ѓорѓиев изложува еден дрворез, а на IX. изложба во 1954 година Радмило Поповски изложува литографии, бакрописи и дрворези.
Непосредно по излегувањето на првите академски школувани уметници после војната, во 1954 година се формира секција н графичари која работи и делува во состав на ДЛУМ, а во која членуваат уметници кои покрај сликарството и скулптура работаат и графика.
Од 1954-1959 година почнува еден активен творечки процес на македонската графика. Се организираат првите групни и самостојни графички изложби. Во 1955 година, Д. Аврамовски Гуте ја организира својата прва самостојна изложба на графика на Куманово. Во истата година во Клубот на уметниците (октомври — ноември) изложуваат графики на заедничка изложба Д. Аврамовски, М. Спировска, П. Мазев и П. Хаџи Бошков. Во 1956 година се одржува изложба на Д. Аврамовски и М. Сперовска (Дом на ДСВР — Скопје) на која изложуваат 30 дрворези. Во организација на графичката секција на ДЛУМ во март 1956 година во Клубот на пратениците во Скопје се отвора графичка изложба на Шестмината (Д. Аврамовски, Б. Крстевски, П. Мазев, Д. Протуѓер, М. Спировска и Хаџи Бошков). Во мај истата година во Клубот на уметниците во Скопје изложуваат по дванаесет дрворези Ристо Лозаноски и Димче Протуѓер.
Со организирањето на групните и самостојните изложби на графика и се поголемото учество на ликовните уметници н аистите, се покажува потреба за организирање традиционална графикча изложба. Во 1957 година во организација на ДЛУМ се отвора I. изложба на графики (Дом на ЈНА Скопје). На изложбата изложуваат 16 автори: Д. Аврамовски, Б. Аврамовска, Љ. Белогаски, И. Велков, С. Домиќ В. Ѓорѓиев, М. Ивановски, Б. Крстевски, Ѓ. Крстевски, С. Куновски, Р. Лозаноски, Н. Мартиноски Љ. М. Пенкин, Д. Протуѓер, М. Спировска и П. Хаџи Бошков. Со скоро сите учесници на кои им се придружуваат уште П. Мазев и Ј. Димовски, во малата сала на Уметничкиот павиљон во Скопје во 1958 година е одржана и II. изложба на графики. По одржувањето на III. графичка изложба во салонот на Работничкиот дом во Скопје 1959 година, таа нема да се одржи како таква се до 1970 година кога ќе се појави како нов циклус на традицио-

нална графичка изложба на ДЛУМ и се одржува без прекин се до денес.
Овој прекин на традиционалната графичка изложба, незначи и замирање на графичката активност во Републиката. Во текот на 1958 година самостојни изложби на графика имаат Јован Димовски во Скопје и Загреб (16 дрворези), Ѓоко Крстевски во Тетово, Битола и Титов Велес (23 линорези и дрворези) и Љубодраг Маринковиќ-Пенкин во Скопје и Струмица (30 дрворези). Во 1959 година Д. Аврамовски и М. Спировска изложуваат 30 дрворези во Домот на ДСВР — Скопје. Покрај организација и учество на групни и самостојни изложби во Македонија, за афирмирање на еден поширок план, нашите графичари земаат учество и на бројни графички изложби што се одржуваат во југословенски рамки. Почнувајќи од 1955 година на Меѓународното биенале на графика во Љубљана и понатаму на Загребачката изложба на југословенска графика; Графика на белградскиот круг; Октомврискиот салон во Белград; Биеналето на млади во Риека; Триеналето на ликовните уметници во Белград; Изложбите на Сојузот на ликовните уметници на Југославија; Златното перо на Белград; Загребачкиот салон; Есенскиот салон во Бања Лука; Ликовниот салон во Суботица; Уметничката колонија во Бечеј; Новосадскиот ликовен круг, кака и на сите изложби на ДЛУМ и УЛУС. Покрај учеството на овие традиционални ликовни салони, македонските графичари земаат учество и на бројни изложби во земјата и странство.
Учество на македонските уметници на „Црно и бело", 1956 во Лугано (Швајцарија); Биеналето во Краков (Полска); Изложба на југословенска графика во Кина, Бурма, Индија; Биеналето во Париз 1957; Меѓународната изложба на современа графика во Чиле 1957; Современа југословенска графика во Синсинати и Орегон (САД) 1958; Југословенска графика во Мексико 1958 и 1959; Современа графика на Југославија во Ленинград, Москва и Киев 1959/60; Југословенска графика во Орегон (САД) 1964; Југословенска графика во Куба и Западен Берлин 1965; Современа македонска графика во Келн; Современа југословенска графика во Коломбо, по повод Конференцијата на неангажираните земји во Шриланка. Учеството на нашите уметници надвор од земјата ќе продолжи уште поактивно и наредните години. Околу седумдесетите години ќе се појават и првите сомостојни изложби на македонската графика во станство на Б. Барутовски, Д. Аврамовски Гуте, П. Хаџи Бошков, Т. Шијак, Ј.Димовски, Д. Малиданов и др.
Значителен импулс дадоа и изложбите на странска графика од кои имаше можност да се стекнат одредени искуства и да се стекнат нови естетски и формални сознанија. Во Македонија беа организирани и одржани изложби на англиска графика (1955),норвешка (1957), американска (1959 германски (1959), кинеска (1961) и др.
Давајќи еден генерален преглед на естетската и стилска слика во овој период, графичката уметност во Македонија и ако хетерогена, прави една целина, бидејќи претставува остварување на генерации од еден временски период, што носат белег од средината каде што го оформиле своето образование, а сепак со изразени лични афинитети кон средината во која творат и живеат. Некои македонски графичари се изразуваат на тој начин што им даваат приоритет на своите интелектуални можности, други пак на емоционалните чувства, додека трети својот талент и способност го изразуваат пеку графичкиот експеримент.
Содржински графиките се свртени кон мативи од старата архитектура, пејзажи, портрети, фолклорни теми и др. Цртежите се упростени, стилизирани, се прави обид да се создаде динамика со ефекти на црнобело.
Темата се работи главно со класичните графички техники: дрворез, литографија, бакропис, монотипија, бакрорез.
Од 1960—1970 година постои една празнина од организиран графички живот кој ќе трае до 1970 година, кога повторно се активира со обновување на годишните изложби на графиката. Скопскиот земјотрес во 1963 година, недостигот на техничките помагала и друг материјал за изведба на графиката, секако е една од причините за намалениот ентузијазам и опаѓање на графичката активност. Единствено место каде што се изложуваат графики, од неколкумина уметници кои останале верни во израотка на истата, беа годишните изложби на ДЛУМ. Сепак уметничкиот живот во тој период се обележува со појавата на втората генерација уметници школувани во Училиштето за применета уметност кои исклучиво работат графика (Б. Барутовски, А. Филиповски, Д. Сотировски). На Академиите во Белград, Загреб и Љубљана ги завршуваат студиите Д. Биков, А. Гавровски, Т. Крмов, Р. Струмениковски, Д. Гаспаров, Ј. Петров, О. Манески, К. Танчев, Д. Марковска. На изложбите повремено со графики се појавуваат и уметници кои

перманентно се занимаваат со сликарство (Р. Калчевски, Т. Шијаковиќ, В. Наумовски).

Се организираат извесен број на самостојни изложби на графика Божин Барутовски (1960, 1962, 1967); Александар Филиповски (1962, 1968); Ранко Струмениковски (1964, 1969); Драган Биков (слики и графики 1963); Драгутин Аврамовски Гуте (1966); Ѓоко Крстевски (1963); и др. Д. Аврамовски Гуте учествува на II. загребачка изложба на графики во 1962; на изложбите на Белградскиот круг учествуваат Томислав Крмов и Драган Биков (1967, 1968, 1969). На големата изложба „НОБ во делата на југословенските ликовни уметници" во 1966 година во Белград со графики учествува Б. Барутовски. На изложбата „Југословенска графика на XX век", по повод свеченото отворање на Музејот на современата уметност во Белград 1965 година учествува Д. Аврамовски Гуте. Некои наши графичари се застапени и на изложбите на современата југословенска графика во странство (Д. Аврамовски Гуте, Б. Барутовски, В. Ѓорѓиев, Т. Крмов). Во СР Германија под името „Изложба на четворицата" (1969), изложуваат П. Хаџи Бошков. Д. Аврамовски Гуте, Т. Шијак, Б. Барутовски.

Во 1967 година во Битола се организира изложба на современа југословенска графика со учество на македонски уметници Д. Аврамовски Гуте, Б, Барутовски, Љ. Маринковиќ-Пенкин, М. Спировска и П. Хаџи Бошков. Со оваа изложба се направени основните подготовки за одржување на „Триеналето на современата југословенска графика" во 1972, 1975, 1978 и 1981 година. Неоспорно е дека спомената сојузна ликовна манифестација, чиј избор беше прикажан и во Скопје, претставува значаен придонес во развитокот на графичката уметност кај нас.

Периодот на шеесетите години во македонската уметност се карактеризира со поизразена толерантност кон нефигуративното и кон поголемо, понагласено вклопување во општите текови на современото југословенско сликарство, скулптура. Уметниците се во тек со светските ликовни струења, но се чувствува и понагласена инспирација од средновековната ликовна традиција, фолклорот, македонскиот бит, се цел да се создадат сопствени национални белези. Се чувствува постепено напуштање на „класичните" дисциплини, појавата на апстрактното, надреалното, а напоредно се прифаќа и енформелот. Овие влијанија секако дека се рефлектираат и во графиката, нарочно во можностите што ги дава комбинираната техника, присутни се елементи од најактуелните тенденции во ликовната уметност. Фигурата, предметот и понатака се присутни, сè повеќе се стилизираат се вметнуваат симболи како таинствени графички знаци во геометриско организираните површини (Б. Барутовски, Д. Сотировски), или раздвиженоста во композицијата се постигнува со црно-бели решени графички површини (А. Филиповски). Во лирско асоцијативните визии за пределот се чувствува и надреалистички призвук (Р. Струмениковски, Т. Шијак).

И понатака се изработуваат графики во спомнатите техники, а за прв пат се работи во комбинирана техника (Д. Аврамовски Гуте, Д. Биков, Т. Крмов, Д. Гаспаров) и сито печат (Р. Струмениковски).

Во седумдесетите и осумдесетите години се обновуваат графичките изложби. По иницијатива на тогашниот претседател на ДЛУМ, Борко Лазески, по десет години прекин, во 1970 година се одржала I. графичка изложба. Оттогаш континуирано се одржува секоја година прикажувајќи ги најновите ликовно-естетски и технички достигнувања во графичкото творештво во Македонија. Првите изложби 1970, 1971, 1972 и 1973 година се одржани во Салонот на ДЛУМ и Уметничката галерија во Скопје. Од 1974 година па до денес графичките изложби на ДЛУМ се прикажуваат во Салонот на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" во Скопје. По прикажувањето во Скопје, истите се прикажуваат и во други градови на Македонија (Куманово, Битола, Прилеп, Титов Велес, Струмица, Штип, Тетово). Почнувајќи од 1970 година од одржувањето на I. графичка изложба ДЛУМ ја доделува наградата „Моша Пијаде", за најуспешно ликовно-естетско остварување во годината, а од 1975 година се доделуваат наградите на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" и подоцна Музејот на современата уметност и Уметничката галерија.

Големиот ентузијазам и смисла на организацијата, ликовно-естетска смисла во ангажирањето на изложбите од страна на академскиот вајар Насо Беќаровски, со припрема на стручно документирани каталози на учесниците, придонесе секоја година изложбите да бидат се помасовно застапени. Салонот на НУБ стана собиралиште на македонските уметници, чиј афинитет кон графиката доведе до подем и експанзија во последниве години.

Во периодот по 1970 година ќе се појават и Општинските друштва на ликовни уметници во

кои учествуваат графичари (Куманово, Битола, Штип, Прилеп и др.).
Се организираат бројни самостојни и групни изложби во Републиката и надвор од неа. Македонската графика е обележана многу поитензивно во критиката за изложбата на „10. графичари“ одржана 1974 година во Народната библиотека на СР Србија во Белград во организација на НУБ „Климент Охридски“ од Скопје, а во чест на Деновите на македонската култура. Во 1979 година во Суботица е одржана „10. графичка изложба на ДЛУМ“, а во 1980 одина Музејот на современа уметност од Скопје организира две изложби: „Современи македонски графичари“ (со учество на 11 графичари, во просториите на галеријата на „Борба“ во Белград) и „Современа македонска графика“ (во Музејот, од колекцијата на истиот). Самостојни изложби во Сомбор, Белград, Загреб, Љубљана, Апатин, Марибор, Зрењанин, Копер, Врњачка бања и Штип имаат: Д. Биков, Т. Димчевски, Б. Унковска, В. Чауле П. Хаџи Бошков, Т. Крмов, Ѓ. Чулаковски, Д. Перчинков, Д. Малиданов, и др.
Бројно и видно е учеството на македонските уметници-графичари, на изложбите на графика одржани во Белград, Битола, Штип, Марибор, Зрењанин, Љубљана, Копер, Загреб, Врњачка бања, Нови Сад и др.
Нивното активно учество не изостанува и во поширокиратки рамки, надвор од Југославија. Во Фиренца 1972 (Б. Барутовски), во Унгарија 1976 (Т. Крмов), во Вашингтон и Коломбо, САД (Д. Биков), во Њујорк (Д. Малиданов) и др.
За да биде целосна сликата на современата македонска графика, ќе ги споменеме и ликовните уметници кои денес творат надвор од Македонија, а се присутни на многубројни изложби и со своето творештво придонесуваат за нејзината афирмација: Ордан Петлевски (кој извршил влијание во творештвото на одделни македонски уметници), Цветан Димовски, Биљана Унковска, Димче Николов, Илија Костов, Бора Ињовски и Богољуб Ивковиќ.
Современата македонска графика овие години доживува експанзија со учество на голем број уметници од сите генерации графичари, скулптори и сликари (Д. Биков, Б. Барутовски, А. Гавровски, Т. Крмов, Ѓ. Крстевски, В. Наумовски, Р. Поповски, Д. Сотировски, Р. Струмениковски, А. Филиповски, Ј. Петров, П. Хаџи Бошков, Д. Малиданов, П. Мазев, Г. Чемерски, С. Шемов, Т. Димчевски, Д. Перчинков, Д. Поповски-Дада, М. Ивановски-Менде, В. Костов, Д. Кочевски-Мичо, П. Кузмановски, С. Аврамовски, Н. Бекаровски, С. Василески, К. Гегоски, К. Танчев-Динка, В. Георгиевски, Ж. Јакимовски, Д. Кондовски, З. Лазаревски, В. Чауле, Т. Атанасовски-Гарски, А. Ивановски-Карадаре, Д. Миљановски, Д. Ордев, Б. Унковска, Н. Франговски, Ѓ. Чулаковски, А. Темкова, Ј.Т. Бошковски, М. Зенку, И. Кочовски, С. Момчиловиќ- Поповска, Д. Стојчевски, З. Јакимовски, Т. Блажевски, С. Маневски, Б. Петров), што придонесуваат ликовно естетски, стилски и технички генерално да се заокружи еден творечки период.
Темите како мотив во творештвото на уметникот -графичар, се изразуваат преку соодветен пристап, преку богатство на стилови, почнувајќи од реализмот, импресионизмот, експресионизмот, апстракцијата, енформелот, надреализмот и др., со што се заокружува ефектот на ликовно-естетскиот дојам, а се формираат личности со издиференциран ликовен карактер. Темите во графиките се најразнородни: фигурата, предметот, пејзажот, ентериерот, мртвата природа, ембрионални форми, еволуцијата во природата, човекот во просторот, гладот во современиот свет, асоциации од блиското минато и др.
Кога зборуваме за естетските и стилски вредности на еден одреден период, свесни сме дека секоја творечка индивидуа е свет за себе, своите креативни можности ги изразува на свој индивидуален начин. Естетската смисла за убавото е изразена со складно организирање на елементите, независно дали се работи за реално или иреално прикажување на стварноста. Ефектот се постигнува преку јасна претстава на доживеаното.
Ликовниот израз со кој е пренесена идејата се движи во паралела субјект-творец, а ликовните вредности на грификите се постигнуваат со сигурен цртеж или тонски ефекти. Кај поедини графичари цртежот игра примарна улога, а крајниот ликовен ефект е постигнат со внесување на бојата,додека кај други бојата го прати цртежот се до конечното оформување. Сликата на графичкиот ликовен израз не би била целосно исполнета ако не им дадеме едно значајно место на графиките работени во црно-бело, каде графичарот со својот талент успета да постигне ликовни вредности.
Процесот што во современата ликовна уметност започна уште во шеесетите години, а со тоа и во графиката, со внесување на апстрактното,иреалното и енформелот, во седумсетите и осумдесетите години уште повеќ се продлабочи и доби но-

ви вредности и димензии. Во последните години се чувствува враќање кон фигуративниот израз, сè повеќе уметници почнуваат да ја внесуваат фигурата и пејзажот во своето творештво со посовремен ликовен израз (новиот реализам, фантастиката, суреализмот, асоцијативниот реализам). Во графиките и понатака се присутни сцени од минатото, со крајно стилизиран цртеж, со ефекти на црно-бело или со една до две бои се доживува маката и страдањата на човекот. Елементи од фолклорот, народното творештво и др. се престтавени со елиминирање на детали (Б. Барутовски, С. Василески, А. Филиповски). Човечкото тело често пати добива волуменозност, напнатост на движењето, хиперреалистички призвук или една крајно фотографска смирена статичност (А. Ивановски-Карадаре, К. Танчев, П. Кузмановски, Н. Франговски, Б. Унковска). Фигурата и предметот често пати се доживеани како асоцијативна експресија со призвук на минатото (Г. Чемерски) или разиграни детски игир (С. Шемов).

Слободно организираната композиција се постигнува со нанесување на бои, со кои се добива волуменозност, напнатост на формата (Д. Биков, Т. Крмов, Д. Малиданов, Р. Струмениковски, Ѓ. Чулаковски). Со тонски валери се градат апстрактно неиздиференцирани површини или со една до две бои познатиот предмет добива лирска мекост, флуидност, суптилност (Т. Димчевски, Ж. Јакимовски, Д.Милјановски, Т. Блажевски).

Мотивите од пределот, предметот и пејзажот, се претвораат во знаци и симболи или се доживеани како сеизмички звук (Д. Перчинков, К. Гегоски, В. Чауле). Во геометриските површини се внесуваат имагинарни предели, ембрионални форми, симболи на 'ртење, раѓање и умирање (З. Јакимовски, В. Наумовски, Д. Малиданов). Формата на предметот или случката во еден реален или имагинарен прастор, често пати е решена со волуменална јадрост и напнатост преку светлосни акорди (П. Хаџи Бошков, Н. Бекаровски, Д. Поповски-Дада, В. Георгиевски, З. Јакимовски). Ентериерот е прикажан како интимно лирско доживување (А. Темкова, А. Гавровски) или е решен со кубистичко стилизирани елементи (Љ. Маринковиќ-Пенкин).

Покрај стилската разнородност и богатството на идеи во севкупниот опус на современата македонска графика значајно место завзема изработката на графики во повеќе техники: линорез, литографија, дрворез, бакропис, акватинта, комбинирана техника и сито печат.

Уметниковото битие од секогаш се стреми кон нови сознанија. Во своето творење уметникот-графичар истражува, сознава, ги користи тие нови сознанија внесува нови стилски и техничко-технолошки елементи. Употребата на сито печатот и комбинираната техника се повеќе ги нпушта „класичните" техники. Во денешни услови на творење кога графичарот има големи технолошко-технички можности за изработка на графиките, тој со својата „занатска" умешност, рафиката ја доведува ликовно естетски до чиста перфекција. Црно-белиот контрас со кој се постигнува ефектот на доживеаното со почесто се напушта, давајќи и примат на бојата која во почетокот се нанесува само по неколку тонови. Денес на графиките се нанесуваат повеќе спладно оранизирани бои, со што психолошкиот момент поинтензивно се чувствува.

Ваквиот приод, графиката конечно ја постави на исто равниште со сликарството и скулптурата. Во ноември месец 1980 година во Гевгелија се формира и почна да работи графичката колонија.

Релативно краткиот период на современата македонска графика ќе биде проследен и со формирање на збирки во Уметничката галерија во Скопје (1950); Музејот на современата уметност во Скопјеј (1965), со фонд од 142 графики; Уметничката галерија „Моша Пијаде" во Битола (1967); Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" во Скопје (1969), со фонд од 196 графики; Уметничката ;галерија во Куманово; Уметничката галерија во Штип; Народниот универзитет „Јосиф Свештарот" во Струмица, како и застапеноста на македонските уметници во музејските и галериските збирки надвор од СР Македонија.

Се печатат каталози за групни, самостојни и годишни изложби. Значаен издавачки потфат се публикациите за македонската графика, траен доказ за еден успешен, творечки временски период: Современата македонска графика, 1961; Современ;ата југословенска графика, 1963; Арс поетика од П. Хаџи Бошков, 1971 (библиофилско издание со 10 графики во сито печат, како илустрации на песни од македонски поети, со ликовна опрема од Р. Калчески); Мапа Арс поетика-Мостови, 1971 (библиофилско издание со 14 графики во сито печат од О. Петлевски, како илустрации на поезијата на носителите на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата и добитници на наградата Браќа Миладиновци, со

ликовна опрема на Р. Калчевски и писмо од Д. Биков) и др.
